# ДОДАТОК 1

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ ИГРИ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИ ИГРИ ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

**ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2016**

**АПРИЛ, 2017 ГОДИНА**

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

## ВОВЕД

Целта на Извештајот за работењето на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, кој го опфаќа работењето на Друштвото во периодот Јануари – Декември 2016 година, е да се презентираат резултатите и позначајните активности од работењето на Друштвото, во насока на реализација на поставените цели и остварување на подобар финансиски резултат во рамките на постојните услови за стопанисување, како и да обезбеди информации за финансиската состојба пред акционерите на Друштвото. Извештајот дава: вистинска и објективна слика за нашето работење од една страна, и преглед на анализата на состојбата на приходите и расходите, од друга страна. Целиот извештаен период се карактеризира со обезбедување добро работење и управување, стабилност, ликвидност, солвентност и ефикасност во работењето.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив на друштвото | **Акционерско друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје** |
| Седиште и адреса | Ул.Македонија 11-А, Скопје |
| Телефон и факса | 3235-122, 3235-146 |
| Адреса на електронска пошта | contact@lotarija.com.mk |
| Адреса на интернет страна | www.lotarija.com.mk |
| Правен статус | Акционерско друштво |
| Матичен број | 4064526 |
| Шифра на дејност | 68.20 |
| Број на решение од Централниот Регистар | Трег.бр.5894/98 Регистарска влошка 02006654?4-09-000, Дел.бр. на последна промена 30120140018919 од 04.04.2014 година |
| Датум на основање (месец и година) | 12.1972 |
| Број на вработени на крајот на годината | 10 |
| Систем на управување | Едностепен |
| Одбор на Директори | Драган Наков-Претседател на Одбор на Директори и Неизвршен независен член<br>Митко Димов – Генерален Извршен Директор<br>Тодор Сејзов – неизвршен член |

ТРАДИЦИЈА НА ДРУШТВОТО

Акционерското друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА е основано со Закон за основање на организација за приредување игри на среќа, донесен од Собранието на Република Македонија на 28-ми Декември 1972 година.

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА до Мај 1992 година беше здружена во Заедница на Лотариските организации на Југославија. Од Мај 1992 година ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА делуваше како Претпријатие кое исклучиво во сопствена организација и со сопствени средства ги приредуваше и оние игри на среќа кои претходно се приредуваа на ниво на асоцијацијата на југословенските лотарии, и постојано внесуваше новини и иновации и го проширувашe асортиманот на игрите на среќа.

Во 1995 година ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е организирана како Акционерско друштво во мешовита сопственост.

Во 1997 година донесен е нов Закон за игри на среќа, според кој ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА требаше да изврши трансформација на општествениот капитал. Трансформацијата е извршена во 1998 година и извршен е упис во Трговскиот регистар со TREG.бр.5894/98.

Во 2001 година со TREG.бр.3039/01 во регистарскиот суд извршена е промена на структурата на капиталот во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА при што доминантен сопственик на капиталот стана Фершпед АД Скопје.

Во 2005 година се изврши промена на системот на управување од двостепен во едностепен.

Во 2007 година, ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, се соочува со проблемот за обезбедување и продолжување на важноста на лиценците за приредување игри на среќа и покрај запазената формално-правна постапка.

Во 2011 година извршена е промена на членовите на органите на управување, намалување на број на членови и избор на нови членови на Одбор на Директори. Во 2014 година, извршени се измени на членовите во Одборот на директори.

Во 2013 година ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје согласно Одлуката за стекнување сопствени акции со откуп бр.02-30 од 15.02.2013 година, донесена на седница на Собрание на акционери, изврши откуп на сопствени акции и со трансакција на ден 13.12.2013 година откупи 16.000 акции кои беа во сопственост на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, што претставува 9,9% од основната главнина на Друштвото. Истовремено, Фершпед АД Скопје откупи 10.125 акции од ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје кои беа во сопственост на Фондот за за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија. Со оваа трансакција учеството на Фершпед АД Скопје во основната главнина на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е 57,93%.

## ДЕЈНОСТ

Основна дејност на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп. Дополнителна дејност на Друштвото е продажба на производи и услуги кои ги нуди оне.Вип на пазарот на електронски комуникации, како негов трговски застапник.

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА

Во 2016 година ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје своите деловни активности ги остваруваше преку следните органи на Друштвото:

- Собрание на акционери,
- Одбор на директори и
- Генерален извршен директор.

Организационата поставеност на Друштвото ги опфаќа следниве Сектори:

- Сектор за финансиски работи,
- Сектор за општи и правни работи и
- Сектор за продажба.

На крајот од деловната 2016 година Друштвото брои 10 вработени од кои 7(седум) се жени, а 3(три) се мажи.

Квалификационата структура е следна:

| Ред.број | Вид на квалификација | Број на вработени | Процентуално учество |
|---|---|---|---|
| 1. | ВСС | 7 | 70,0 |
| 2. | ВШС | 1 | 10,0 |
| 3. | ССС | 2 | 20,0 |
| | Вкупно: | 10 | 100,0 |

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Собранието на акционери во рамките на своите надлежности ги врши сите работи утврдени во законските прописи и Статутот на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје. Во извештајната 2016 година беше одржано едно редовно годишно Акционерско Собрание на 11.05.2016 година, на кое беа разгледани и одобрени: годишната сметка за деловната

2015 година, финансиските извештаи за деловната 2015 година, годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2015 година, годишниот извештај на службата за ревизија, извештајот на неизвршните членови на Одбор на директори, избор на овластен ревизор. При свикување на редовното годишно Собрание во целост беше испочитувана пропишаната законска постапка за свикување Собрание, за достапност на сите информации за интернет страната и на страната на Македонската берза за хартии од вредност, постапката за пријавување присуство, како и постапката за начинот на водење на Собранието и објавата на донесените Одлуки.

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во целост го испочитува принципот за навремено и точно објавување на сите суштински прашања кои се однесуваат на Друштвото, нејзината Финасиска состојба, работење, како и ценовно чувствителните информации на својата интернет страна и на интернет страната на Македонската берза за хартии од вредност.

Во текот на 2016 година, Одборот на директори како орган на управување, функцијата ја оствaруваше преку 3(три) члена и тоа: Драган Наков – Претседател на Одбор на директори и неизвршен назависен член, Митко Димов – Генерален извршен директор и Тодор Сејзов – неизвршен член, одржаа 12 состаноци.

На членовите на Одборот на директори на Друштвото, согласно Одлуката на Собранието им се исплаќа месечна награда во износ на просечна плата во Републиката (на двајца) бруто износ од 588.212,00 денари. На Генералниот извршен директор, кој е во редовен работен однос во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје согласно менаџерскиот договор за 2016 година му е исплатена бруто плата во износ од 2.956.829,00 денари, други надоместоци од работен однос во износ од 9.899,00.

Извештајот за работата на Одборот на директори, со Извештајот на неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото, е посебен извештај кој се разгледува како посебна точка на годишното Собрание.

**ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

Во 2016 година Службата за внатрешна ревизија вршеше ревизија согласно донесениот план за работа. Ревизиите се извршени, и Службата за внатрешна ревизија навреме го информираше Одборот на директори за спроведените ревизии преку доставување на извештаи, кои беа во рамки на планираните активности во Годишниот извештај за 2016 година.

Врз основа на наодите од извршените поединечни ревизии во текот на 2016 година, ревизијата го потврди стекнатото разумно убедување дека интерниот контролен систем во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е задоволително имлементиран во насока на ефикасно и доследно спроведување на законската регулатива, и на деловната политика

на Друштвото. Дадените препораки за подобрување на контролите, заради минимизирање на ризиците од работењето, во целост беа прифатени од одговорните лица.

## МАКРОЕКОНОМСКО И МОНЕТАРНО ОПКРУЖУВАЊЕ ВО 2016 ГОДИНА

Во текот на изминатата 2016 година работењето на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје се одвиваше под влијание на следните главни фактори и околности од меѓународен и локален аспект, кои го креираа деловното опкружување во кое функционираше друштвото:

Од аспект на меѓународно опкружување 2016 година се карактеризира со стагнација на глобалниот економски раст, продолжување на геополитичките ризици, намалување на кредитните рејтинзи на државите и заострени критериуми за нивно финансирање.

Во 2016 година Република Македонија ја обележаа елементарните непогоди и пролонгирање на политичката криза, која имаше силни последици врз економијата. Македонската економија според некои меѓународни институции е земја каде што најлесно се води бизнис, но сепак состојбата е поинаква според клучните индикатори, според бруто домашниот производ (БДП) по жител, просечната плата и стапката на невработеност.

Во 2016 година не се случија некои позначајни поместувања во однос на отворените прашања кои се поставуваат како услов за реализација на определбите на Република Македонија за членство во евроатлантските организации, што имаше свои влијанија врз економијата, а посебно на очекувањата на инвеститорите.

Амбиентот за спроведување на монетарната политика во текот на 2016 година беше главно одбележан со неизвесноста поврзана со домашната политичка ситуација и нејзиното влијание врз очекувањата. Народна Банка на Република Македонија постојано ја приспособуваше монетарната политика на промените на опкружувањето, како и на условите на домашната економија. Монетарната политика продолжи со политиката на стабилен девизен курс на денарот кон еврото, и тоа се покажа како идеално решение за одржување на стабилноста на домашната валута во турбулентни времиња.

Банкарскиот систем во Република Македонија во извештајниот период ја задржа стабилноста и сигурноста и покрај неизвесниот домашен амбиент и политичките случувања во земјата што се одрази и врз депозитната база и кредитниот пазар.

Меѓутоа, сите случувања во опкружувањето и во економијата на Република Македонија, немаа директна рефлексија на работењето на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, бидејќи претежна дејност на друштвото беше од издавање и управување со сопствен недвижен имот.

## УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

Целата 2016 година е под директно влијание на геополитичките случувања пред се на локално ниво, но и на глобалната економска сцена која е под сенката на негативни движења во големите светски економии. Поради економското опкружување, во своето работење ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД е изложена на повеќе видови на финансиски ризици, како што се : пазарен ризик, кредитен ризик, ризик од промена на каматните стапки и ризик од неликвидност.

Пазарен ризик

Ризик од промени на девизниот курс

Друштвото не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Македонија. Поради тоа Друштвото е изложено на ризик поради можните флуктуации на курсевите на странските валути.

Ризик од промена на цените

Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи за продажба.

Кредитен ризик

Друштвото е изложено на кредитен ризик во случај кога купувачите на неговите услуги нема да можат да ги извршат своите обврски. Побарувањата од купувачите во Друштвото вклучуваат побарувања од поголем број купувачи со умерени салда, што претставува спроведување на политиката на дисперзија на побарувањата на поголем број купувачи со цел да се избегне зависноста од мал број на купувачи.

Ризик од промена на каматните стапки

Ризикот од промена на каматите се јавува кога ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД користи кредити. Обврските по кредити вообичаено се отплатуваат по променливи каматни стапки. ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД нема посебна политика за намалување на каматниот ризик и истиот го регулира преку директни преговори со банките.

Ризик од неликвидност

Ризикот од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба навремено да ги плаќа обврските кон доверителите и кредиторите. ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД нема ликвидносни проблеми во работењето затоа што води политика на навремено обезбедување на потребните парични средства за плаќање на доспеаните обврски.

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во деловната 2016 година оствари позитивен финансиски резултат остварувајќи нето добивка од 7.742.356,00 денари.

Табеларен приказ на резултатите од работењето

| Ред. бр. | Позиции | Остварени резултати во 2015 година | Остварени резултати во 2016 година | Индекс 2016/ 2015 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Оперативни приходи од работењето | 38.709.512,00 | 43.284.095,00 | 111,82 |
| 2. | Оперативни расходи од работењето | 33.929.828,00 | 29.716.454,00 | 87,59 |
| 3. | Финансиски приходи | 173.691.00 | 234.522,00 | 135,03 |
| 4. | Финансиски расходи | 4.573.825,00 | 4.700.794,00 | 102,78 |
| 5. | Добивка пред оданочување | 379.550,00 | 9.101.369,00 | 2.397,94 |
| 6. | Данок на добивка | 32.270,00 | 1.359.013,00 | 4.211,39 |
| 7. | Добивка за финансиска година | 347.280,00 | 7.742.356,00 | 2.229,43 |

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во 2016 година има остварено вкупно приходи во износ од 43.518.617,00 денари. Овие приходи за овој извештаен период се составени од:

- оперативни приходи (приходи од тековното работење) во износ од 43.284.095,00 денари кои учествуваат со 99,47 % во вкупните приходи;
- финансиски приходи во износ од 234.522,00 денари кои учествуваат со 0,53 % во вкупните приходи.

Во известување 2016 година бележиме зголемување на приходите во однос на 2015 година и тоа приходите од редовното работење за 11,82 %, а финансиските приходи (приходи од камати и приходи од дивиденда) за 35,03 %. Најголемото зголемување кај финансиските приходи е на позицијата приход од дивиденда каде во 2015 година се бележи приходи од 54.958,00 денар, додека во 2016 година во Друштвото се бележи приход од 137.394,00 денари.

**СТРУКТУРА НА ПРИХОДИТЕ ОД РЕДОВНОТО РАБОТЕЊЕ ( ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ )**

| Ред. број | Оперативни приходи | 2015 | 2016 | Индекс (2016/2015) | Структура (за 2016) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од закуп | 27.883.392,00 | 28.271.813,00 | 101,40 | 65,31% |
| 2. | Приходи од оне.Вип производи | 8.127.235,00 | 3.332.550,00 | 41,01 | 7,70% |
| 3. | Други приходи | 2.698.885,00 | 11.679.732,00 | 432,77 | 26,99% |
| | Вкупно | 38.709.512,00 | 43.284.095,00 | 111,82 | 100% |

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД во извештајната 2016 година има остварено приходи од редовно работење – оперативни приходи во износ од 43.284.095,00 денари што е пораст за 11,82% во однос на 2015 година.

Во структурата на приходите од редовното работење - оперативите приходи доминантно учество од 28.271.813,00 денари или 65,31% имаат приходите од закуп. Основната дејност на Друштвото во 2016 година е издавање под закуп на деловни простории и политиката на Друштвото е насочена кон зголемување на овој тип на приходи. Тие во 2016 година бележат раст од 1,40% во однос на 2015 година.

Приходите од продажба на онеВип производите како трговски застапник на мобилниот оператор во 2016 година изнесуваат 3.332.550,00 денари, кои во структурата на приходите учествуваат со 7,70% и истите бележат пад од 58,99% во споредба со 2015 година. Ова намалување на приходите е резултат на економската состојба и стопанството во државата.

Другите оперативни приходи во износ од 11.679.732,00 денари учествуваат со 26,99% во вкупните оперативни приходи и тие во 2016 година бележат раст од 332,77% во однос на 2015 година. Во оваа група спаѓаат приходите од продажба на постојани средства, наплата на отпишани побарувања, приходи од наплатени штети и други. Големиот раст на другите оперативни приходи произлегува од продажбата на постојаните средства.

## РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО ВО 2016 ГОДИНА

| Ред. број | Расходи од работењето | 2015 | 2016 | Индекс (2016/2015) | Структура (за 2016) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавна вредност на трговски стоки | 5.772.116,00 | 2.349.671,00 | 40,71 | 6,82 |
| 2. | Трошоци за суровини и други материјали | 83.365,00 | 39.406,00 | 47,27 | 0,11 |
| 3. | Услуги со карактер материјални трошоци | 9.574.031,00 | 8.047.635,00 | 84,06 | 23,39 |
| 4. | Трошоци за вработените | 8.580.753,00 | 7.770.234,00 | 90,56 | 22,58 |
| 5. | Амортизација на материјални и нематеријални средства | 5.467.725,00 | 3.874.075,00 | 70,86 | 11,26 |
| 6. | Вредносно усогласување на тековни средства | 1.511.662,00 | 4.463.529,00 | 295,28 | 12,97 |
| 7. | Останати трошоци од работењето | 2.940.176,00 | 3.171.904,00 | 107,89 | 9,22 |
| | **Вкупно оперативни расходи** | **33.929.828,00** | **29.716.454,00** | **87,59** | **86,35** |
| 1. | Расход по основ на камати | 4.439.153,00 | 4.115.162,00 | 92,71 | 11,95 |
| 2. | Останати финансиски расходи | 134.672,00 | 585.632,00 | 434,86 | 1,70 |
| | **Вкупно финансиски расходи** | **4.573.825,00** | **4.700.794,00** | **102,78** | **13,65** |
| | **Вкупно расходи** | **38.503.653,00** | **34.417.248,00** | **89,39** | **100,00** |

Вкупните расходи од работењето во 2016 година изнесуваат 34.417.248,00 денари што е видно намалување за 10,61% во однос на 2015 година.

Вкупните расходи се состојат од:

- Оперативни расходи (расходи од редовното работење) во износ од 29.716.454,00 денари кои бележат намалување во однос на 2015 година од 12,41%, и истите во вкупните расходи учествуваат со 86,35%.
- Финансиски расходи во износ од 4.700.794,00 денари кои бележат пораст за 2,78% во однос на 2015 година и истите во вкупните расходи учествуваат со 13,65%.

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД во 2016 година се залагаше за намалување на оперативните расходи како што се: трошоците за суровини и материјали (52,73%), услугите од производните и непроизводните организации (15,94%), трошоците за вработените (9,44%), амортизацијата (29,14%), додека останатите опаративни трошоци се зголемени (7,89%).

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД во 2016 година се залагаше за зголемување на приходите, а намалување на трошоците со постоечките ресурси кои се на располагање на Друштвото, а во согласност со економската состојба и стопанството во државата.

**СРЕДСТВА И ИЗВОРИ НА ДРУШТВОТО**

Согласно Билансот на состојба вредноста на активата (средствата) и на пасивата (изворите) на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД во 2016 година изнесуваат 376.250.511,00 денари, и во однос на 2015 година бележат пад од 2,58%.

Структурата на средствата покажува учество на нетековните средства од 96,47%, а на тековните средства од 3,53% во вкупните средства во 2016 година. Нетековните средства бележат пад за 1,90% во споредба со 2015 година, а тековните средства бележат пад за 18,00% во споредба со 2015 година.

Краткорочните побарувања кои во 2016 година изнесуваат 11.047.158,00 денари бележат пад од 24,41% во однос на 2015 година.

Структурата на изворите во 2016 година покажува учество на главнината и резервите со 81,63%, а на обврските со 18,37% во вкупните извори.

Вкупните обврски во 2016 година изнесуваат 68.922.469,00 денари и покажуваат пад од 20,79% во однос на 2015 година. Од вкупните обврски на долгорочни обврски отпаѓаат 40.774.532,00 денари кои покажуваат пад од 19,22% во однос на 2015 година. Краткорочните обврски изнесуваат 28.147.937,00 денари и бележат пад од 22,97% во однос на 2015 година.

**ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИЦА**

Долгорочниот долг, односно долгорочните кредити на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД учествуваат со 12,69% во главнината (капитал и резерви).

**ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД**
**Митко Димов**
**Генерален извршен директор**